

Адреса:  "Широк Сокак" 60; 7000 Битола; Македонија
Лиценца – "А" категорија; тел: 047/228 185; факс: 047/203 008





# СВ. АХИЛ – КОСТУР – МЕТЕОРИ

## 1 ден (10.03.2018 – сабота): БИТОЛА – СВ. АХИЛ – КОСТУР

Состанок на групата во 04:45 часот пред спортската сала "Младост". Поаѓање во 05:00 часот за Грција. Пред пладне, пристигнување на Малото Преспанско Езеро и посета на островот Агиос Ахилеос (Св. Ахил) и базиликата. На островот Агиос Ахилеос (Свети Ахил) се наоѓаат остатоците од средновековниот град Преспа, подигнат од Цар Самоил во 10 век. Во руините на базиликата Свети Ахил во 1969 година е пронајден неговиот гроб. Поаѓање за Костур. Пристигнување после пладне. Со мала прошетка покрај Костурското езеро, посета на Манастирот Св. Богородица Мавровска, изграден во X век. Сместување во хотел. Слободно време за индивидуални прошетки низ градот познат по индустријата за производство на крзно, вечера во некоја од тавeрните, прошетки покрај убавото езеро кое изобилува со растителен и животнски свет... **Ноќевање.**

## 2 ден (11.03.2018 – недела): КОСТУР – МЕТЕОРИ – БИТОЛА

**Појадок.** После појадокот, одјавување од хотелот и поаѓање за Метеори. Околу пладне, пристигнување на Метеори, каде имаме посета на еден или два од неколкуте Византиски манастири (манастирот Свето Преображение и  манастирот Варлаам) кои се надвиснуваат над Каламбака. По разгледот – посета на работилница за изработка на црковни предмети и икони, кои се изработуваат според древната црковна традиција. Можност за факултативен ручек во некоја од многуте таверни во Каламбака и слободно време за прошетка низ улиците на малото гратче... Состанок на групата во претходно догворено време и планирано поаѓање за Битола во доцните попладневни часови.

**Цена на аранжманот:** **1.980,00 денари**

**Начин на плаќање:** 30 % од износот при резервација – готовински или со платежни картички. Останатиот износ до полната цена на аранжманот – готовински или со платежни картички, 7 дена до поаѓање или на одложено плаќање на еднакви месечни рати.

**Цената на аранжманот вклучува:**

- автобуски превоз на горенаведената релација
- посета на островот Св. Ахил и базиликата
- 1 НП во хотел во Костур
- посета на Метеори
- посета на работилница за икони
- посета на Каламбака
- организација, водство и реализација на аранжманот

**Цената на аранжманот не вклучува:**

- патничкото осигурување

**Напомена:** За реализација на овој аранжман, потребен е **минимум од 40 патници**, во спротивно, крајниот рок за известување околу евентуален отказ на аранжманот е најкасно 5 дена пред датумот на поаѓање. Организаторот на патувањето го задржува правото за измена на редоследот на поедини содржини во програмата.

**Со оваа програма важат Општите услови на т.а. ТЕО ТРАВЕЛ и СКТМ.**